Методија СОКОЛОСКИ

# МАЛЕШЕВО ВО XVI ВЕК

Во османско-турските опширни пописни дефтери од XVI век Малешево се води како одделна мала административно-територијална единица наречена „нахија", која била вклучена во Струмичката каза. Бројот на регистрираните населби на територијата на Малешево во 1519 година е 13, а во втората половина на XVI век е 14. Некои од називите на селата во Малешевието претрпеле мали промени по XVI век.

Така, на пример, денес познатото село Будинарци во текот на XVI век во пописните дефтери е регистрирано како Будинашци. Селото Митрашинци во XVI век е регистрирано како Димитрашинци, што значи дека тогаш селото така и се викало. Денес познатото село Пехчево во XVI век, а секако и пред тој период, се викало Пешчево и како такво е регистрирано по време на пописите. Денешното село Ратово е регистрирано така што може да се прочита како Кратово или Фратово. Првиот консонант подоцна се изгубил и така почнало да се вика Ратово. Регистрирани се и две села со називи Горно и Долно Светимирово. Читањето е сосема правилно, меѓутоа село со таков назив во Малешевието не се среќава. Во географската карта има село со назив Своимирово. Сигурно е во прашање селото Светимирово.

Што се однесува до денешното село Умлани, истото во пописните дефтери фигурира како Хумлани, и нема никакви сомненија дека во тоа време селото така и се викало.

Денешното село Владимирово, во пописните дефтери е регистрирано како Владимирци. Покрај гореприведените населби во Малешевската нахија спаѓале и селата Берово, Русиново, Мачево, Робово, Тодоричево, Кожучево и Кирјаково. Последниве три населби не можевме да ги сретнеме во географските карти. Селото Кожучево во 1519 година не се среќава во Малешевската нахија, а во 1570 година истото село имало 17 семејства и 8 неженети. Не е исклучено ова село да настанало во интервалот помеѓу 1520 и 1570 година. Во 1519 година не се среќава и селото Робово. Меѓутоа, од бројот на регистрира-

ните жители во 1570 година е евидентно дека оваа населба постоела сигурно и во 1519 година. Најверојатно во 1519 година селото било вклучено во феудално лено на некој спахија-тимариот од соседните нахии. За селото Хумлани (Умлани) кое во 1519 година имало 17 христијански и едно муслиманско семејство, во 1570 година во дефтерот е забележено дека не било населено.

Во втората половина од XVI век т.е. околу 1570 година селата во Малешевската нахија се вклучени во феудални лена од најниска категорија, познати како тимари, со годишен приход максимум до 19.999 акчиња. Исклучок прави само селото Берово кое е вклучено во феудално лено од втора категорија — зеамет, чијшто притежател се викал Али Сарбан, кој бил мутеферика при султанскиот двор. Не е исклучено дека овој заим бил и субашија на целата нахија, бидејќи најчесто оние лица што добивале зеамети, во исто време биле задолжувани и со вршењето на функцијата субашија на целото подрачје. Ова нешто е особено евидентно од многубројните берати за доделување зеамети што се среќаваат во битолските кадиски протоколи од XVII век.

Вкупниот број на тимарите во Малешевието во 1570 година е 13, од нив 7 ги уживаат поединци, а 6 се заеднички т.е. доделувани се на 2—3 личности.

Годишниот приход на заимот Али Сарбан од селото Берово изнесува 18.650 акчиња. Во оваа сума се вклучени и 2.650 акчиња на име „ушур од жита“, данок за воденици, данок за полјачина и такса за тапија за купопродажба на земјишен имот, земани од војнуците на Берово. Попис на војнуците од Берово не е даден. Во дефтерот е посебно нагласено дека испенџето и данокот за свадбарина што требало да го дадат ѝ следел на царската благајна.

На Али Сарбан му е регистриран и приход од војнуци во селото Кирјаково во износ од 600 акчиња на име ушур од жита, данок за воденици, данок за полјачина и такса за тапија. И за овие војнуци во дефтерот стои дека испенџето и данокот за свадбарина го предавале во царската благајна.

Во селото Берово се регистрирани 6 мина муслимани од кои четворица се ислимизирани христијани, бидејќи кај сите нив стои презимето „bin Abdullah“ (што значи — слуга или роб божји). Познато е дека на најголемиот број од исламизираните немуслимани им се давало презиме „bin Abdullah“. Сите овие 6 муслимански семејства се задолжени со по 22 акчиња годишно на име „данок за земјарина“ (resm-i çift), што е доказ дека секое семејство имало по еден чифлик обработлива земја (70 — 120 донуми, во зависност од бонитетот на земјата). Во пописот на Берово се среќава уште еден муслиман по име Али, како притежател на баштина. Што се однесува до христијаните

(Македонци) — регистрирани се 185 семејства, 8 вдовици и 126 неженети. Во селото имало едно маало наречено „Синан“, а имало и втор назив „Стојан Тониќ“.

Годишниот приход од регистрираното муслиманско и христијанско население од Берово изнесува 16.000 акчиња. Само од данокот испенџе што се земал од христијаните и тоа по 25 акчиња од старешините на семејствата и од неженетите, а работоспособни, што се регистрирани во пописот, а од вдовиците по 6 акчиња. Вкупната сума од овој данок изнесува 7.848, што претставува скоро 50% од сите други натурални и парични давачки што му следеле на непосредниот феудален господар, заимот Али Сарбан. Целокупното население е задолжено со 140 товари пченица во вредност од 3.500 акчиња, сметајќи го по 25 акчиња товарот, потем со 110 товари мешано жито (рж, јачмен, овес) во вредност од 1.650 акчиња, или по 15 акчиња секој товар. Регистриран е еден товар леќа во вредност од 50 акчиња како и 45 акчиња за граор. Вкупната сума од житарици изнесува 5.245 акчиња. Според тоа само од овие два вида давачки годишниот приход изнесува 13.093 акчиња, а за сите останали што се регистрирани како, на пример, данок за сено; за бостан; за сламарина; за свињи; за воденици, понатаму ушур од овошје, ушур од лен, ушур од улишта, трошарина за увезено вино однадвор, за нијабет, за свадбарина, за пољачина и такса за тапија, вкупната сума од сите нив изнесува неполни 3.000 акчиња. Позабележителни од овие давачки се данокот за сено кој изнесува 645 акчиња; ушурот од лен, за 150 оки лен 300 акчиња; данок за бостан 250 итн.

Во 1519 година во Берово се регистрирани 255 семејства, 8 вдовици и 67 неженети, а бројот на регистрираните муслимани е 3. Годишните обврски кон непосредниот феудален господар во ова време изнесуваат 18.785, што значи дека истите се движат и во 1570 година. Бројот на христијанските семејства во 1519 година е поголем за 70. Меѓутоа, ние веќе нагласивме дека во 1570 е регистриран и приход во износ од 2.650 што се земал од војнуците во Берово што не се регистрирани. Не е исклучено бројот на војнуците да се движел во рамките на разликата на семејствата помеѓу 1519 и 1570 година.

Во продолжение накусо ќе се задржиме на останатите притежатели на тимари. Така, на пример, селото Русиново му било доделено како тимар на Мустафа, кој бил чауш при султанскиот двор. Годишниот приход на спахијата од натуралните и паричните давачки од населението на ова село изнесуваат 8.000 акчиња. Приходот само од испенџе и од житарици изнесува вкупно 6.625, а од сите други давачки 1.375 акчиња. Селото Русиново имало 73 христијански и 12 муслимански семејства.

Наредниот спахија тимариот е Едхем, чауш при султанскиот двор. Во неговиот тимар е вклучено селото Будинарци (Будинашци) кое имало 56 семејства, 6 вдовици и 32 неженети. Помеѓу регистрираните старешини на семејства и неженети има 14 војнуци од кои 9 женети и 5 неженети. Во дефтерот е изрично нагласено дека војнуците биле задолжени со испенџе и ушур како и останалата раја. Така било заведено и во претходниот пописен дефтер. Вкупниот годишен приход на споменатиот спахија-тимариот од ова село изнесува 5.644 акчиња. И во овој случај најголеми ставки претставуваат ушурот од жита кој пресметан во пари изнесува 2.590 акчиња, а од испенџето приходот изнесува 2.236 акчиња.

Тимар на Мехмед од Драма, во кој се вклучени селата Робово и Хумлани кое е испустено. Годишниот приход на спахијата од сите видови давачки што му следеле нему од село Робово изнесува 9.000 акчиња и тоа ушурот од жита пресметан во пари изнесува 4.055 акчиња и данокот за испенџе 3.300 акчиња. Приходот од сите други давачки изнесува 1.645 акчиња. Во селото Робово се регистрирани 22 војнуци од кои 7 старешини на семејства и 15 неженети. Сите овие на спахијата му давале испенџе и ушур од производите. Регистрирани се и 14 соколари од кои 6 старешини на семејства и 8 неженети. Соколарите исто така на непосредниот феудален господар му давале ушур од производите како и испенџе. Што се однесува до данокот наречен харач или џизие соколарите го предавале во Врање. Приходот од раселеното село Хумлани чија земја ја обработувале жители од соседното село, изнесува 2.558 акчиња. Според тоа вкупниот годишен приход на спахијата Мехмед од Драма изнесува 11.558 акчиња.

Во единични тимари се вклучени уште селата: Мачево, Кирјаково и Кожучево. Селото Мачево е во тимарот на Пири син на Рустем со годишен приход од натуралната и паричната рента во износ од 3.583 акчиња. Селото Кирјаково е во тимарот на Ибрахим син на Оруч со годишен приход од 1.643 акчиња. Селото Кожучево е во тимарот на некој син на Мустафа (чие име не успеавме да го дешифрираме), со годишен приход од 1.200 акчиња.

Останатите села и тоа Ратово, Пешчево (т.е. Пехчево), Димитрашинци, Владимирци, Долно и Горно Светимирово, како и селото Тодоричево се вклучени во заеднички тимари, уживани од двајца или тројца спахии-тимариоти. Годишните приходи од населението на крајот се распределени на корисниците-спахии. Така, на пример, натуралната и паричната рента предвидена за спахиите-тимариоти од селото Ратово годишно изнесува 9.957 акчиња. Од таа сума на едниот спахија му припаѓале 9.682 акчиња а на другиот само 375. Рентата од село Пешчево изнесува годишно 16.250 акчиња. Од таа сума на Ахмед син на

Муслих му припаѓале 6.855 акчиња; на Мустафа син на Муслих т.е. брат на претходниот, му припаѓале 6.000 акчиња и на третиот спахија Али син на Абдула, кој е исламизиран христијанин му е доделена сума од 3.395 акчиња.

Годишните обврски на селото Димитрашинци изразени парично изнесуваат 12.000 акчиња. Делот на спахијата по име Мехмед изнесува 6.000 акчиња; делот на вториот спахија по име Ахмед син на Бајазит изнесува 3.000 и делот на третиот спахија, Осман син на Бајезит (брат на претходниот) изнесува исто така 3.000 акчиња годишно. Годишните натурални и парични давачки од село Владимирци се пресметани на 7.000 акчиња годишно. Од оваа сума 5.000 акчиња му следеле на спахијата Хизир и 2.000 акчиња на спахијата Дервиш син на Скендер.

Вкупниот годишен приход предвиден за спахиите од селата Долно и Горно Светимирово изнесува 5.000 акчиња, 3.000 му припаѓале на спахијата по име Јолдаш син на Деде, а 2.000 на спахијата Абди син на Касим.

Годишните обврски на населението од село Тодоричево изнесуваат 9.637 акчиња. Овој приход го користат и делат четворица спахии-тимариоти. Така, на пример, на спахијата Ибрахим син на Каја му припаѓале 2.768 акчиња, на вториот спахија по име Арслан син на Касим му следеле 2.767, на третиот спахија Мустафа Бајезит му биле доделувани 2.475 и на четвртиот спахија по име Феми (?) син на Али му биле доделени 1.627 акчиња. Како што и во првите села одбележавме дека најголеми ставки од приходите претставуваат натуралната рента од жита, земана како ушур, како и паричната рента земана од христијанското население како „данок за испенџе“, истата констатација важи и за сите останати села.

## Составот на населението во 1519 и 1570 година

Во опширниот пописен дефтер од 1519 година на територијата на Малешевската нахија се среќаваат и се регистрирани 13, а во 1.570 година 14 села. Што се однесува до бројот на регистрираните жители во населените места, во 1519 година ги има вкупно 1.071 семејство, од кои 28 се вдовички, како и 160 неженети а работоспособни. Што се однесува до регистрираните муслимани, нив во 1519 година ги има вкупно 12 и тоа 5 мина во селото Русиново; 3 во Берово; 2 во Тодоричево и по 1 во Пехчево и Хумлани. Поаѓајќи од претпоставката дека во просек едно семејство броело 5 души во тој случај вкупниот број на македонското население би бил околу 5.355, а на муслиманското 60 души.

Села со најголем број семејства или население се следните: Берово со 263 семејства; Владимирци со 132; Пехчево со 126; Тодоричево со 113 итн.

Во 1570 година бројот на регистрираните македонски семејства во 14-те населби изнесува 976, од кои 24 се вдовички, а бројот на регистрираните неженети а работоспособни изнесува 693. Паѓа в очи дека бројот на неженетите во 1570 година е четирипати поголем од 1519 година. Бројот на муслиманските семејства изнесува 39, а бројот на неженетите 11. Најголем број муслимани во 1570 година се среќаваат во село Русиново и тоа 12 семејства и 4 неженети; потем во Пехчево 12 семејства и 3 неженети, а во Берово има 8 семејства. Паѓа в очи дека муслиманскиот елемент во селото Пехчево од 1 семејство во 1519 се зголемува на 12, плус 3 неженети. Во Берово и во Русиново овој елемент е двојно повеќе зголемен.

Секако е од посебен интерес и важност да се одбележи и тоа дека од вкупниот број на регистрираните муслимани во 1570 година, 7 од нив се исламизирани христијани. Најмногу исламизирани се среќаваат во населбата Берово каде што секој втор од регистрираните муслимани е конвертит т.е. од вкупно 8, четири семејства од нив се исламизирани христијани. Ако бројот на семејствата го помножиме со 5, ќе видиме дека во 1570 година бројот на македонското население изнесува 4.880 жители, а на муслиманското 195. Со други зборови македонскиот елемент е смален за 475 жители во споредба со 1519, додека муслиманскиот елемент од 60 се зголемува на 195 во 1570 година.

Споредувајќи ги показателите за бројот на семејствата во 1519 и 1570 година паѓа в очи едно осетно намалување во селото Берово каде што бројот на семејствата од 263 се смалува на 193. Причината за ваквото намалување ја изнесовме во претходното излагање. Прилично опаѓање забележуваме на македонскиот елемент во 1570 година и во селото Владимирци каде што бројот на семејствата од 132 се сведува на 81, а во селото Тодоричево бројот на семејствата од 113 спаѓа на 57. Како се движи составот на населението во останатите села може да се види од приложениот табеларен преглед при крајот.

Помеѓу регистрираните македонски жители во пописниот дефтер од 1570 година посебно се означени оние жители што биле определени како војнуци или соколари. Војнуци имало во

селата Берово и Кирјаково, но попис на истите не е даден, а се внесени само приходите што му следеле на непосредниот феудален господар од натуралната и паричната рента. Војнуци се среќаваат и во следните села: Будинарци 14 на број; Робово 21 и во Владимирци 28 лица. Најголемиот број од регистрираните војнуци се неженети. Соколари се посебно регистрирани 57 на број и тоа: во селото Русиново 9; во Робово 14; во Ратово 20 и во Владимирци 14. Поголемиот број и од соколарите се неженети.

Целокупната натурална и парична рента што било должно населението од сите села во Малешевската нахија да му ја даде на непосредните феудални господари пресметана во пари во 1519 година изнесува 78.732, а во 1570 година 110.122 акчиња. Ако овие суми ги поделиме со бројот на семејствата ќе констатираме дека во 1519 година на едно семејство во просек годишно се паѓа по 77, а во 1570 година по 108 акчиња.

Така, на пример, на населението од Берово во 1519 година во просек на едно семејство се паѓа по 70,6 акчиња; на селото Пехчево по 92,5; на селото Тодоричево по 78; на селото Русиново по 77 акчиња итн.

Во 1570 година во просек на едно семесјтво во Берово се паѓа годишно по 92,8 акчиња, на селото Пехчево по 149, на селото Тодоричево по 155, на селото Русиново по 94, на селото Робово по 115 акчиња итн.

Од натурални давачки во 1570 година се среќаваат: ушур од пченица, од мешано жито (јачмен, 'рж, овес), од леќа, од граор, од лен, од овошје, од улишта, од зелки и ушур од риба. Како даноци или такси во пари се регистрирани следните: данок испенџе; данок за земјарина (resm-i çift) од муслиманите, данок за сено, данок за бостан, данок за сламарина, трошарина за увезено вино однадвор, од хасса ливади, данок за воденици и валавици, данок за свињи, за нијабет, за свадбарина, за полјачина, такса за тапија на земја. Во текот на нашето излагање кога говоревме за приходите на одделни феудални господари ние подвлековме дека најважни ставки во годишните приходи на спахиите претставуваат ушурот од разни жита, како и данокот испенџе. Сите останали давачки во споредба со овие се мошне ниски.

Во продолжение ќе дадеме еден кус осврт за некои од поважните натурални и парични давачки во 1570 година. Населението од сите 14 села е задолжено со вкупно 2.152$^1/_2$ товари жито од кои 1.042 товари пченица, 1.095 мешано жито; 6$^1/_2$ леќа и 9 товари граор. Товар пченица чинел 25 акчиња, товар мешано жито 15, товар леќа 50, товар граор 30. Пресметани во пари сите 2.152$^1/_2$ товари жито изнесуваат 43.070 акчиња. Ако

бројот на товарите жито го поделиме со вкупниот број на семејствата во целата нахија ќе видиме дека во просек на едно семејство се паѓа по 2,1 товари жито да му даде на непосредниот феудален господар. Со најголеми количини жито се задолжени селата: Пехчево, кое е задолжено со вкупно 341 товар жито. Селото имало 116 семејства што значи дека во просек на едно семејство се паѓа скоро по 3 товари. Селото Тодоричево е задолжено со 234 товари. Во селото тогаш имало 62 семејства, што значи дека во просек на едндо семејство се паѓа годишно по 3,7 товари. Селото Робово во 1570 година имало 78 семејства, а е задолжено со 205 товари жито што значи дека во просек на едно семејство се паѓа по 2,6 товари итн.

Приходот на спахиите од данокот испенџе годишно изнесува 41.444 акчиња, или скоро исто како и приходот од сите видови жито. Ние веќе порано нагласивме дека сите женети или старешини на семејства и неженети, а работоспособни што се регистрирани во пописниот дефтер, доколку немале некои посебни државни обврски, плаќале по 25 акчиња годишно, а вдовиците на име испенџе давале по 6 акчиња годишно. Со овој данок се задолжени само христијаните.

Сумирајќи ги годишните приходи од житата и испенџето тие изнесуваат 84.514 или скоро 77% од вкупните годишни приходи од сите видови давачки во нахијата.

Паѓа в очи дека во целата нахија т.е. населението од постојните села не се занимаваат со лозарство бидејќи приход на име ушур од лозја или вино воопшто не е регистриран. Меѓутоа, кај секое село е регистрирана „такса за увезено или внесено вино однадвор“ (Вac-i hamr) и тој приход на име такса е најголем од сите други приходи и изнесува 2.364 акчиња. Така, на пример, само селото Пехчево е задолжено со 1.200 акчиња на име такса за вино. Селото Робово е задолжено со 285; селото Ратово со 223; Берово со 150; Мачево со 158 акчиња итн. Сите 14 села во 1570 година се задолжени со данок за бостан. Вкупната сума изнесува 1.708 акчиња. Со најголеми суми за бостан се задолжени селата: Димитрашинци со 285; Берово со 254; Пехчево со 200; Робово со 170; Владимирци со 128 акчиња итн. Чувањето на свињи или свињогојството е застапено во сите села во нахијата. Годишните приходи на спахиите од овој данок изнесуваат 1.360 акчиња. Со најголеми суми се оп-

товарени селата: Робово со 218; Пехчево со 200; Димитрашинци со 190; Тодоричево со 148 акчиња итн.

Во Малешевиието било мошне застапено и одгледувањето на пчели — пчеларството. Годишниот приход на спахиите од ушурот за мед пресметан во пари зинесува 1.309 акчиња. Поаѓајќи од годишните суми со кои биле оптоварени одделни населби пчеларството било најзастапено во селата: Тодоричево кое е задолжено со 240 акчиња; Ратово со 190; Берово со 178; Владимирци со 165; Робово со 140 акчиња. Со ушур од мед не се задолжени само селата Мачево и Горно Светимирово.

На територијата на Малешевско, иако со мал број населби, имало мошне голем број воденици и валавици. За водениците што работеле преку цела година се наплатувало данок по 30 акчиња годишно, за оние воденици што работеле половина година, како и за валавици се плаќало по 15 акчиња годишно. Во пописниот дефтер за Малешевиието во 1570 година се регистрирани 53 активни воденици и валавици. Годишниот приход од сите тие воденици изнесува 1.260 акчиња.

Во 1570 година било застапено производството на лен во 12 села. За секоја ока лен се наплатувало по 2 акчиња. Вкупната сума од оваа давачка изнесува 1.514 акчиња или производство од 757 оки лен. Селото Берово и Димитрашинци се задолжени со по 300 акчиња т.е. и во едното и во другото село производството на лен изнесувало по 150 оки. Селото Ратово е задолжено со 220 акчиња; Будинарци со 180; Пехчево со 132; Тодоричево со 130 акчиња итн.

Ушур од овошје е регистриран само во две села и тоа во Берово кое е задолжено со 200, и Тодоричево со 100 акчиња. Сретнавме податок дека со ушур од риби во износ од 50 акчиња е задолжено селото Димитрашинци.

На крајот приложуваме табеларен преглед за составот на населението во населбите од 1519 и 1570 година во Малешевската нахија, како и за износот на годишните обврски за секоја населба искажана во пари — акчиња. Табеларниот преглед дава можност да се има увид за секоја населба.*

---

* Податоци за овој прилог се користени од следните опширни пописни дефтери (Tahrir defterleri): № 170 од 1519 година што се чува во архивот на претседателството на владата (Başbakanlik Arşsivi) во Истамбул и № 90 што се чува во Главната катастарска управа во Анкара. Микрофилмови од овие дефтери има во Архивот на Македонија.

## Табеларен преглед за составот на населението во Малешево во XVI век

| | | Во 1519 год. | | | | | | Во 1570 год. | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | | Муслемани | | | Македониц | | | Муслемани | | |
| Реден број | НАЗИВ НА НАСЛСАТА | Семејства | Вдовици | Неженети | Семејства | Неженети | Износот на годишните давачки во акчиња | Семејства | Вдовици | Неженети | Семејства | Неженети | Износот на годишните давачки во акчиња |
| 1 | Село Берово | 255 | 8 | 67 | 3 | — | 18.785 | 185 | 8 | 126 | 8 | — | 18.650 |
| 2 | Будинашци | 45 | — | 2 | — | — | 3.717 | 56 | 6 | 32 | — | — | 5.644 |
| 3 | Владимирци | 130 | 2 | 5 | — | — | 9.184 | 81 | — | 53 | — | — | 7.000 |
| 4 | Димитрашинци | 94 | 4 | 16 | — | — | 5.868 | 112 | 3 | 81 | — | — | 12.000 |
| 5 | Кирјаково | 10 | — | — | — | — | 821 | 23 | — | 13 | — | — | 1.643 |
| 6 | Кожучево | Не се среќава во 1519 год. | | | | | | 16 | 1 | 8 | — | — | 1.200 |
| 7 | Мачево | 52 | — | 2 | — | — | 3.050 | 35 | — | 25 | — | — | 3.583 |
| 8 | Пешчево | 120 | 6 | 35 | 1 | — | 11.758 | 104 | — | 93 | 12 | 3 | 16.250 |
| 9 | Ратово | 105 | 4 | 15 | — | — | 7.313 | 111 | 2 | 66 | 1 | 2 | 9.957 |
| 10 | Робово | Не се среќава во 1519 год. | | | | | | 77 | — | 54 | 1 | — | 9.000 |
| 11 | Русиново | 67 | — | 6 | 5 | — | 5.543 | 73 | — | 52 | 12 | 4 | 8.000 |
| 12 | Светимирово Горно | 20 | — | — | — | — | 1.215 | 16 | — | 16 | — | — | 3.000 |
| 13 | Светимирово Долно | 19 | — | — | — | — | 1.291 | 10 | — | 6 | — | — | 2.000 |
| 14 | Тодоричево | 109 | 4 | 12 | 2 | — | 9.000 | 53 | 4 | 68 | 5 | — | 9.637 |
| 15 | Хумлани | 17 | — | — | 1 | — | 1.187 | Не населено — испуштено во 1520 год. | | | | | |
| | Вкупно: | 1.043 | 28 | 160 | 12 | — | 78.732 | 952 | 24 | 693 | 31 | 9 | 107.564 |